РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
Бр. 15/1-2232/1
06.07.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) Министерството за информатичко општество и администрација донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за обука за административно управување за 2020 година

**2019 година**
**Скопје**

# ВОВЕД

Во рамките на своите надлежности Министерството за информатичко општество и администрација подготвува и спроведу Годишна програма за обука за административно управување. Преку обуката и испитот за административно управување, се промовир зголемена стручност и ефикасност на службениците, а особено на раководните административни службеници, како и да се обезбед континуирано професионално работење на администрацијата.

Целна група се административни службеници заинтересирани за пополнување на работно место од категорија Б, односн раководни административни службеници. Дополнително на горе споменатото, а со цел да се зголеми и мотивацијата кај вработените в администрацијата, за секој службеник од ниво В1, претставува законска обврска да се предвиди оваа обука во индивидуалниот план з стручно усовршување.

Во моментов обуката се реализира единствено преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS). Министерствот за информатичко општество и администрација во координација со институциите, тековно ќе обезбедува непречен пристап до обукат Имајќи предвид дека воведувањето на СУУ/LMS континуирано ќе се одвива и во наредниот период, Министерството ќе спроведува соодветни обуки за управување со истиот и регистрација на институциите на државната управа, единиците на локална самоуправа институциите од јавниот сектор. Со тоа секој вработен во администрацијата ќе поседува корисничко име, односно ќе добие пристап в системот за следење на Е-обуки. Пристапот во Е-учењето се врши преку следната веб локација: http://e-obuki.mioa.gov.mk/ .

За спроведување на обуката за административно управување, корисниците ќе добијат потврда/сертификат за завршена обук која ќе се генерира во електронска форма, веднаш откако службеникот ќе ја заврши обуката, со можност за нејзино печатење.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА

| р.б. | Тема на обука | Начин на реализација | Носител на обука | Целна група | Период на одржување | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општи прописи од административна област | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | Постојано | МИОА |
| 2. | Управување со јавни финансии | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | Постојано | МИОА |
| 3. | Управување со проекти | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | Постојано | МИОА |
| 4. | Кодекс за административни службеници | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | Постојано | МИОА |

**Контакт информации**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Адреса: бул. "Св. Кирил и Методиј" 54
1000 Скопје
тел. 02/ 3200 – 870
e-mail: obuki@mioa.gov.mk

Бр. ____________

____________ година

Дамјан Манчевски
МИНИСТЕР